33

Здружение на граѓани
ЗАЕДНИЦА НА ХРВАТИ ВО
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-10/2
31.01.2022 год.
СКОПЈЕ

**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ - - SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -

**ЗАЕДНИЦА НА ХРВАТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ЗХРСМ)- СКОПЈЕ**

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**„Имплементација на добри практики во унапредување на правата на Хрватската и другите малцински заедници во Република Северна Македонија темелено на Хрватските искуства како земја членка на ЕУ„**

Скопје, 31.01.2022 година

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | 19-162/2 од 23.07.2021 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | **ЗАЕДНИЦА НА ХРВАТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ЗХРСМ)- СКОПЈЕ** |
| Наслов на проектот | **„Имплементација на добри практики во унапредување на правата на Хрватската и другите малцински заедници во Република Северна Македонија темелено на Хрватските искуства како земја членка на ЕУ„** |
| Период на спроведување на проектот | Од 15.08.2021 година до 20.01.2022 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Невенка Костовска – ЗХРМ Скопје |
| Проектен менаџер | Александра Димовска - Центар за европски истражувања и анализи „ЕУРОПРОСПЕРА„ Скопје |
| Телефон и е-пошта за контакт | 078 383 619 email: zajednica.hrvata@gmail.com |
| Цел на проектот | Анализ0а на Хрватските и Европските искуства во остварувањето на правата на малцинските заедници и предлог документи како добри практики за унапредување на на Хрватската и другите малцински заедници во Република Северна Македонија |
| Целна група | Хрвати во РСМ и други малцински заедници во Република Северна Македонија |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Скопје, Загреб- Република Хрватска и Брисел – Кралство Белгија |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | 600.000,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 768,00 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

2.1 Почеток на проектните активности се однесуваа на работните средби со надлежните институции во Република Северна Македонија, како Министерство за политички систем и односи помеѓу заедниците, Министерството за надворешни работи како и со Агенција за остварување на права на заедниците (АОПЗ), невладини организации и други преку одржување на состаноци и консултации на тема права на национални малцинства во РСМ;

- Во текот на проектот организирани се консултативни средби и состаноци со претставници на релевантни државни и јавни инситуции на Република Хрватска (Хрватски Сабор; Совет за национални малцинства на РХ, Канцеларијата за човекови права и права на национални малцинства на Влада на РХ, средби на Жупаниjско ниво и на ниво на Град – општина во РХ, како и со 3 Членови на Европски парламент во Брисел
- Изготвен е цел сет на препораки за унапредување на правата на хрватската заедница и другите малцински заедници во РСМ, кои ќе бидат доставени до надлежните институции, медиумите, релевантни меѓународни институции и др.;
- Одржана е завршна конференција (директно пренесувана на фејсбук страница на ЗХРСМ), каде што се презентирани заклучоците и препораките произлезени од документот за јавни политики а во рамките на овој проект ;

- Се нагласува дека сите фази на реализација како и завршната конференција, ЗХРСМ редовно ги промовираше на јавноста по пат на новинските агенции (Миа и макфакс) како и по пат на социјални медиуми, веб страница на ЗХРСМ и фејсбук профил на Заедницата

**2.2. ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ РАБОТНИ СОСТАНОЦИ И КОНСУЛТАТИВНИ СРЕДБИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1.АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВА НА ЗАЕДНИЦИТЕ – зам. Директор Џелал Хоџиќ

2.МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ – зам. Мин. Фатмире Исаки

3. МИНИСТЕРСТВО ЗА ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ И ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ – Зам. Мин. Илхан Рахман

4.Средба со невладините организации кои се занимаваат со права на малцинства

**2.3 РЕАЛИЗИРАНИ РАБОТНИ СОСТАНОЦИ И КОНСУЛТАТИВНИ СРЕДБИ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА:**

1. ХРВАТСКИ САБОР: ПРАТЕНИЧКА НА МАКЕДОНСКО И АЛБАНСКО МАЛЦИНСТВО ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА – Ермина Лекај Прљаскај

2. СОВЕТ ЗА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА – Претседател, Александар Толнауер

3. КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ПРАВА НА НАЦИОНАЛНИ МАЛНЦИСТВА НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА – Директор, Ален Тахири
4. АМБАСАДА НА РСМ ВО ЗАГРЕБ – Амбасадор: г. Милаим Фетаи

5. КАРЛОВАЧКА ЖУПАНИЈА: Жупаница: Марина Фурдек Хајдин

6. ГРАД НОВСКА: Заменик на Градоначалник: Синиша Кесиќ

**2.4 РЕАЛИЗИРАНИ РАБОТНИ СОСТАНОЦИ И КОНСУЛТАТИВНИ СРЕДБИ ВО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ВО БРИСЕЛ, КРАЛСТВО БЕЛГИЈА:**

СО ЧЛЕНОВИТЕ НА ЕВРОПСКИ ПАРЛАМЕНТ („МЕП„):

1. КАРЛО РЕСЛЕР, од Република Хрватска, претседател на Младина на ЕПП

2. ВАЛТЕР ФЛЕГО од Република Хрватска, член на Претседателството на Партии на зелените во ЕУ

3.ИЛХАН ЌУЧУК од Република Бугарија – известувач за Северна Македонија

4. ЕЛМА УРУЧЕВИЌ, советник на МЕП, ИРЕНА ЈОВЕВА од Република Словенија,

**2.5 Извшршена компаративна анализа на правна регулатива во РХ и РСМ:**
- Анализирани се Уставот на Република Хрватска и Уставниот закон за припадниците на националните малцинства споредбено со Македонска регулатива како и Уставните одредби во РСМ и Закон за права на Заедниците во РСМ

- Извршени се стручните анализи и истражувања покажаа дека Република Хрватска има еден од најдобрите модели за заштита и промоција на целиот сет на права кои се обезбедуваат и за националните малцинства и за помалку бројните заедници во рамките на Европската Унија.

- Како генерален заклучок, се потенцира дека Република Хрватска има знатни буџетски издвојувања за финансирање на програмите и проектите на националните малцинства како на државно, така на жупаниско и на општинско ниво (вкупно - сса 50 мил Евра годишно)
- Република Хрватска располага со јасни подзаконски акти – критериуми и правилници за начинот на финансирање на програми и проекти и изграден систем за контрола на реализација и наменско користење на одобрените средства



[redacted]

- Практични примери за операционализација на активностите:
  - Нпр. Македонското малцинство во Хрватска има право на изучување на македонскиот јазик по модел Ц;

  - има право на национални совети на жупаниите и градовите и

  - има право на годишно финансирање на програмите и проектите кои се од значење за македонската заедница во Хрватска а врз основа на посебна програма по основ „на билатерални спогодби„ (ММО)

  - Етаблирани се посебни форми на финансирање, а прецизирано е, од кои институции се овозможува финансиска поддршка на програмите и проектите на националните малцинства, а се од значење за македонската заедница во Хрватска.
- Како резиме на проектот, а како што е потенцирано на Завршната конференција, е доставаување до Генерален секретаријат на Владта на РСМ, сет Препораки за унапредување на правата на хрватската и другите помалку бројните заедници во РС Македонија, а како иден документ на јавни политики на Владата на РСМ.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот:**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги презмените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Одржани работни состаноци и консултации со надлежните институции во Република Северна Македонија - Агенција за остварување на права на заедниците (АОПЗ), невладини организации и други со цел зајакната соработка во делот на анализа на права на немалцински заедници во РСМ | Анализа на законска регулатива во РСМ; анализа на постигнатите резултати на АОПЗ<br>Анализа на Уставниот закон за права на национални малцинства во Република Хрватска | Септември 2021 | Изработка на предлози за унапредувањеназаконска регулатива во РСМ; и зајакнување на активностите на АОПЗ |
| Работни средби во Загреб, Република Хрватска со релевантни државни институции врзани за остваривање на права на малцинства: Совет за нацинални малицинства на РХ, Канцеларија за човекови права и права на национални малцинства на Влада на РХ како и со Одборот за малцинства во Хрватскиот Сабор | -Анализа на севкупниот сустав на заштита и промоција на права на национални малцинства во РХ<br>-Аанализа на постоечкото ниво на заштита на права на националните малцинства во РХ<br>- Анализа на критериумите за финансирање на програми за културната автономија на нанционалните малцинства во РХ<br>- Анализа на методолгија за пратење и вреднување на спроведувањето на финансираните програми за националните малцинства во РХ | Октомври 2021 | Проектниот тим веќе отпочнал со изготвување сет на препораки за унапредување на правата на хрватската и другите малцински заедници во Република Северна Македонија, кои ќе бидат доставени до надлежните институции, медиумите, релевантни меѓународни институции и др. |
| Работни средби во Европски парламент во Брисел, Кралство Белгија, со Членовите на Европски парламент (МЕП) со Карло Реслер и Валтер од Република Хрватска; Илхан Ќучук од Република Бугарија и Алма Уручевиќ, | - Целта на посетата е логистичка помош на членовите на ЕП, да се во рамките на проектот изврши компаративна анализа и подготовка на сет препораки за унапредување на правата на хрватските и другите малцински заедници во Република Северна Македонија, кои ќе бидат доставени до Влада на РСМ; | Декември 2021 | Врз посочените искуства од повеќето држави на ЕУ (Хрвтска,Латвија, Малта; Унгарија, Проектниот тим веќе отпочнал со изготвување сет на препораки за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Советник на МЕП од Словенија Ирена Јовева | -Анализа на критериумите за финансирање на програми за културната автономија на нанционалните малцинства во РХ, и во дел од државите на ЕУ;<br>-анализа на дел од активностите на Комисијата за буџет на ЕУ во делот на финансирањето на правата на малцинства во одделни држави членки на ЕУ. | | унапредување на правата на хрватската и другите малцински заедници во Република Северна Македонија, во форма на Правилник кои ќе бидат доставени до надлежните институции – МПСОЗ И АОПЗ, медиумите, релевантни меѓународни институции и др. |
| Завршна конференција | Презентација на | | |

**4. Проблеми во спроведување на проектот (Наведете доколку има ли проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и решение и како тоа влијаеше на постигнување на резултатите и целите на проектот)**

Реализација на проектот, не се соочи со проблемите во спровувањето на активностите на проектот а истите се извршени согласно на оперативниот план, навремено и со логичен след на активностите .

**5. Видливост и јавност (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објава во медиуми на проектот и сл.)**

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми, миа, макфакс, time.mk i www.zhrm.org.mk, фејсбук ЗХРСМ |
| Завршна конференција, Скопје 20. Јануари 2021 | 30 | | https://zhrm.org.mk/projekt/realiziran-projekt-zajednice-hrvata-u-rsm/ |
| | | | |
| Посета на членовите на Проектниот тим на Членовите на Европскиот Парламент во Брисел, Кралство Белгија | 3 | | https://zhrm.org.mk/aktivnost/izaslanstvo-zhrm-u-posjeti-zastupnicima-europskog-parlamenta-u-bruxellesu/ |
| | | | |
| Посета на членовите на Проектниот тим на Град Новска и средба со Заменик Градоначалник Синиша Кесиќ | 3 | | https://zhrm.org.mk/aktivnost/izaslanstvo-zhrm-na-radnom-sastanku-s-g-zamjenikom-gradonacalnika-grada-novske-sinisom-kesicem/ |
| | | | |
| Посета на членовите на Проектниот тим на Град Карловац - Карловачка Жупанија и средба со Жупан Мартина Фурдек – Хајдин | 3 | | https://zhrm.org.mk/aktivnost/izaslanstvo-zhrm-na-radnom-sastanku-s-g-dom-martinom-furdek-hajdin-zupanicom-karlovacke-zupanije/ |
| | | | |
| Средба на членовите на Проектниот тим со г. Ален Тахири, Управител на Канцеларијата на човекови права и права на национални малцинства на РХ во Загреб, | 3 | | https://zhrm.org.mk/aktivnost/izaslanstvo-zhrm-na-radnom-sastanku-s-g-alenom-tahirijem-ravnateljem-ureda-za-ljudska-prava-i-prava-nacionalnih-manjina-u-vladi-republike-hrvatske/ |
| | | | |
| Средба на членовите на Проектниот тим со г. Александар Толнауер, Претседател на Советот на национални малцинства во РХ во Загреб | 3 | | https://zhrm.org.mk/aktivnost/izaslanstvo-zhrm-na-radnom-sastanku-s-g-aleksandrom-tolnauerom-predsjednikom-vijeca-nacionalnih-manjina-u-republici- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | hrvatskoj/ |
| | | | |
| Средба на члленовите на Проектниот тим со Амбасадорот на РСМ во Загреб, Република Хрватска г. Милаим Фетаи | 3 | | https://zhrm.org.mk/aktivnost/susret-izaslanstva-zhrm-i-i-aopz-a-s-veleposlanikom-republike-sjeverne-makedonije-u-republici-hrvatskoj-nj-e-milaimom-fetaiem/ |
| | | | |
| Средба на членовите на Проектниот тим со Пратеничка во Хрватскиот Сабор, г-ѓа Ермина Лекај Прљаскај | 3 | | https://zhrm.org.mk/aktivnost/posjet-hrvatskom-saboru-i-zastupnici-g-di-ermini-lekaj-prljaskaj/ |
| | | | |
| Средба со Претседателката на ЗХРСМ со Заменик Директор на АОПЗ г. Џелал Хоџиќ | 2 | | https://zhrm.org.mk/aktivnost/realizacija-projekta-zhrm-od-sustinskog-znacenja-za-aopz-i-promicanja-prava-manje-brojnih-zajednica-u-rsm/ |
| | | | |
| Средба со Претседателката на ЗХРСМ со Заменик Министерот во Министерството за политички систем и односи помеѓу заедниците.- г. Илхан Рахман | 3 | | https://zhrm.org.mk/aktivnost/ilhan-rahman-zamjenik-ministra-u-ministarstvu-za-politicki-sistem-i-odnosima-izmedu-zajednica-podrska-realizaciji-projekta-zhrm/ |
| | | | |
| Средба со Претседателката на ЗХРСМ со Заменик Министерот во Министерството за надворешни работи г-ѓа Фатмире Исаки | 3 | | https://zhrm.org.mk/aktivnost/sastanak-predsjednice-zhrm-nevenke-kostovske-sa-zamjenikom-ministra-vanjskih-poslova-fatmirom-isaki/ |
| | | | |
| Потпишување на официјалниот договор на Проектните партнери ЗХРСМ – Еуропроспера за практична реализација на проектот | 3 | | https://zhrm.org.mk/projekt/realizacija-projekta-provedba-dobrih-praksi-u-promicanju-prava-hrvatskih-i-drugih-manjinskih-zajednica-u-republici-sjevernoj-makedoniji-na-temelju-hrvatskih-iskustava-kao-zemlje-clanice-eu/ |
| | | | |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Како заклучоци на проектот се доставуваат сет Препораки за унапредување на правата на хрватската и другите помалку бројните заедници во РС Македонија :

1. Утврдување на правниот статус на Хрватите - Отворање на постапка за промена на преамбула на Уставот на РСМ, со наведување на помалку бројните заедници во РСМ, (пред се за Хрватската и евентуално „во пакет„ и за Бугарската заедница како и за Египќаните, Црногорците....)

2. Зајакнување на капацитетите на „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците„ низ форма на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците како и гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на заедниците а низ форма на зголемувањето на буџетот во наведените области а во раздел К5 СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ – отворање на нова програма - нпр. Дополнителни 30 мил денари (сса 0,5 мил Евра)
3. Зголемување на ингеренциите на АОПЗ со цел подобрување на целокупниот систем на заштита и унапредување на човековите права во РСМ, преку анализа на институционалните обврски на 2

институции во Република Хрватска:
- „Советот за национални малцинства на Република Хрватска„ кој ги финансира годишните планови програми на сите здруженија на граѓани на 21 малцинство колку што се наведени во Уставот на Република Хрватска а за кои постои подзаконски акт - критериуми и какви процедури се доделуваат финансиски средства за оваа намена
- „КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ПРАВА НА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА„ во делот на ефективна и координирана систематска имплементација на националните програми и проекти за помалку бројните заедници во РСМ

3.1 Директна институционална соработка помеѓу „Агенција за остварување на права на заедниците-АОПЗ„ и КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ПРАВА НА НАЦИОНАЛНИ МАЛНЦИСТВА НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА , пред се во користењето на претпристапна помош на ЕУ (ИПА 3 и „Хрватската програма за оценливост„ организирана преку Министерството за надворешни работи на РСМ)

во делот на одобрување на Буџетот под Програма „Остварување на правата на заедниците, Потпрограма Субвенции и Трансфери од сегашните 2 мил денари на мин 15 мил денари (сса 0,25 мил Евра) а во рамките на „Фондот на финансиски средства„ согласно чл. 25 од Законот за права на Заедниците во РСМ
4. Изработка на Подзаконски акт –предлог „ПРАВИЛНИК ЗА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ НА КУЛТУРНАТА АВТОНОМИЈА НА ПОМАЛКУ БРОЈНИТЕ ЗАЕДНИЦИ И МЕТОДОЛОГИЈА НА СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ФИНАНСИРАНИ ПРОГРАМА – и достава до МПСОЗ или АОПЗ (во рамките на „Комисија за доделување на финансиски средства од фондот„ согласно на чл.29 од Законот за права на заедниците во РСМ
5. Предлог обезбедување на дополнителни буџетски средства во Буџетот на МПСОЗ и АОПЗ – наведени под точки 2 и 3.

6. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА МЕЃУВЛАДИНАТА МЕШОВИТА КОМИСИЈА (ММК) НА ХРВАТСКАТА И МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА - Т.Е НА МАКЕДОНСКАТА СТРАНА – со назначување на 3 нови претставника: од МПОЗ, од Министерството за финансии и од Град Скопје – со цел оптимално операционализирање на заклучоците од состаноците на ММК.
7. Зголемена застапеност на помалку бројни заедници во јавниот, економскиот и политички живот во Република Северна Македонија, како и придонес кон унапредување на правата на малцинските заедници во Република Северна Македонија, согласно европските стандарди.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според доставениот дизајниран буџет на проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Вработени (вкупно)** | **250.000,00** | **250.000,00** | |
| Плати | / | / | |
| Придонеси и даноци од плати | / | / | |
| Надоместоци и хонорари | 220.000,00 | 250,000.00 | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | 30.000,00 | | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | **175,000.00** | **186.671.00** | |
| Транспорт и мат трошоци | 110.000,00 | 115,031,00 | |
| Хотелско сместување | 40.000,00 | 71.640,00 | |
| Дневници | 20.000,00 | / | |
| **III. Опрема (вкупно)** | **30.000,00** | **34,000.00** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ИТ - опрема | 30.000,00 | 34,000.00 | |
| Мебел | / | / | |
| Друга опрема (специфицирај) | / | / | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | / | / | |
| Канцелариски материјали | / | / | |
| Други трошоци | / | / | |
| **V. Други директни трошоци (Вкупно)** | **15.000,00** | **28,161,00** | |
| Материјални трошоци Интернет | 12.000,00 | 25,000.00 | |
| Банкарски провизии | 3.000,00 | 3.161,00 | |
| **VI. Индиректни трошоци (Вкупно)** | **50.000,00** | **51.500,00** | |
| Користење канцеларија | 50.000,00 | 50,000,00 | |
| Други индиректни трошоци, материјални и оперативни трошоци | | 1.500,00 | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (Вкупно)** - *[illegible]* | **80,000.00** | **48,900,00** | |
| Договори за услуги | 30,000.00 | / | |
| Изнајмување простории за организирање настани | / | / | |
| Публикации | / | / | |
| Конференции и работилници | 50.000,00 | 48,900,00 | |
| Комуникациски продукти | | | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600.000,00** | **599,232,00** | |

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај се доставува:

- Копија од Договорот со консултантска куќа „Еуроспроспера„ Патни налози за членовите на проектниот тим за Загреб, Република Хрватска и Брисел, Кралство Белгија, финансиска документација врз кои се вршени безготовински плаќања, копии од изводи од специјално отворена жиро сметка на ЗХРСМ за овој проект и копии од платните налози, копии од фискални сметки за реализираните индиректни и транспортни трошоци во Загреб и Брисел. Копии од слики за извршените објави во медиуми.

Скопје , 31. 01. 2022 год.

Невенка Костовска, Претседател на ЗХРСМ

(Потпис)